Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-615/3

Скопје 09.05 2023

**До**

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Министерството за внатрешни работи, врз основа на член 14, 20, 21 и 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер(“Сл.в. на РСМ„ бр.101/2019), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер(“Сл.в.на РСМ„ бр.60/20), во врска со Барање од , со бр.16.1.2-615/1 од 24.04.2023 година, го донесе следното,

РЕШЕНИЕ

**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, со бр.16.1.2-615/1 од 24.04.2023 година, **по извршените проверки во надлежната организациска единица и согласно податоците со кои располага**, Ве известуваме за следното:

Во период од 2021 заклучно со 04.05.2023 година, регистрирани се три кривични дела по Закон за игри на среќа за кои се пријавени 17 сторители.

Додека во однос на кривичните дела извршени во казина, во текот на 2022 година и првите четири месеци од 2023 година, регистрирани се вкупно 37 кривични дела каде објект на напад биле казина, од кои во најголем дел се работи за кривични дела „кражба“, „тешка кражба“ и „разбојништво“.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања беше доставено до Одделот за криминалистичко разузнавање и анлиза при Бирото за јавна безбедност, од каде добиениот одговор му го доставуваме на барателот.

**Правна поука**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Ангеловски**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015